

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**јуни, 2023 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ........ 2
1. РЕАЛЕН СЕКТОР ........ 3
Индустриско производство ........ 3
Број на работници во индустријата ........ 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5
Инфлација ........ 6
Берзански цени ........ 7
2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ........ 9
Извоз ........ 9
Увоз ........ 11
Салдо на трговска размена ........ 11
Валутна структура ........ 12
3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ........ 13
Буџетски приходи според економската класификација ........ 13
Буџетски расходи според економската класификација ........ 14
Расходи по буџетски корисници ........ 15
Буџетско салдо ........ 16
4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ........ 17
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 17
Плати ........ 18
Пензии ........ 19
5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ........ 19
Примарни пари ........ 20
Депозитен потенцијал ........ 20
Кредити на банките ........ 21
Каматни стапки на депозитни банки ........ 22
Пазар на капитал ........ 22
Девизни резерви ........ 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2023 година

- Индустриското производство во јуни 2023 година забележа раст од 3,7% во споредба со истиот месец претходната година;

- Стапката на инфлација на годишно ниво во јуни изнесува 9,3% (11,3% во мај 2023 година) што претставува забавување на годишниот раст и за првпат од април 2022 година инфлацијата е едноцифрена. На месечно ниво стапката на инфлација се зголеми за 1,0%;

- Во периодот јануари - јуни 2023 година извозот забележа раст од 3,8%, а увозот пад од 7,4%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 31,6%, споредено со истиот период од 2022 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2023 година изнесуваа 131.251 милион денари, односно 14,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 12,8% во однос на истиот период од 2022 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2023 година изнесуваа 154.846 милиони денари, односно 17,5% од БДП, што е за 22,3% повеќе во однос на истиот период претходната година;

- Вкупните кредити на банките во јуни 2023 година се зголемија за 6,5% во споредба со јуни 2022 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,5%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јуни 2023 година забележа раст од 3,7% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторите: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (за 39,9%) и Преработувачка индустрија (за 1,4%), додека секторот Рударство и вадење камен забележа пад од 1,6%.

Графикон 1.1: Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во јуни 2023 година бележат 14 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 52,0% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст е забележан кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки за 7,8% со придонес од 0,8 п.п., а пад кај производството на машини и уреди за 2,0% со придонес од -0,1 п.п. и кај производството на електрична опрема за 12,3% со придонес од -0,8 п.п..

Графикон 1.2: Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, зголемување на производството во јуни 2023 година се забележува во гранките: производство на пијалаци за 3,8% и придонес од 0,1 п.п., производство на тутунски производи за 4,0% со придонес од 0,04 п.п. и производство на текстил за 0,8% со придонес од 0,04 п.п., додека намалување на производството се забележува во следните гранки: прехранбена индустрија за 3,8% со придонес од -0,4 п.п., производство на облека за 0,7% со придонес од -0,05 п.п. и производство на кожа за 24,5% со придонес од -0,2 п.п..

Зголемувањето на индустриското производство според намената на произведените единици во јуни 2023 година е резултат на зголеменото производство во следните гранки: Енергија (раст од 17,7% со придонес од 1,5 п.п.) и Капитални производи (раст од 15,6% со придонес од 3,2 п.п.), додека намалување на производството бележат гранките: Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 7,2%, придонес од -0,3 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 1,4%, придонес од -0,5 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 1,0%, придонес од -0,3 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - јуни 2023 година индустријата забележа раст од 1,5%, што се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со

електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 27,3% (придонес од 1,9 п.п.), додека намалување на производство бележат секторите Рударство и вадење камен за 2,8%







(придонес од -0,3 п.п.) и Преработувачка индустрија за 0,2% (придонес од -0,2 п.п.).

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - јуни 2023 година е регистриран во гранките: Енергија (17,8%), Капитални производи (7,4%), Трајни производи за широка потрошувачка (2,0%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (6,1%), а пад бележи гранката Интермедијарни производи, освен енергија (10,9%) .

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јуни 2023 година е зголемен за 0,5% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 1,0%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен за 2,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 4,5%. Сепак, постојат гранки со висок раст на вработеноста, како што се: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 15,8%, како и производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати за 5,6%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2023 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Капитални производи за 12,5%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - јуни 2023 година бележи раст од 0,9%, што се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 1,4%, додека намалување на

бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен за 2,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 4,0%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - јуни 2023 година е зголемен во групата Капитални производи за 12,5%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2023 година издадени се вкупно 242 одобренија за градење, што претставува пад од 12,6% во однос на истиот месец од 2022 година. Споредено со мај 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 23,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јуни 2023 година е повисока за 38,4% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад од 3,9%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 115 (или 47,5%) се наменети за објекти од високоградба, 66 (или 27,3%) за објекти од нискоградба и 61 (или 25,2%) за реконструкција на објекти.

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јуни 2023)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 242 издадени одобренија за градба, на 117 објекти (или 48,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 125 објекти (или 51,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јуни 2023 година предвидена е изградба на 530 станови со вкупна корисна површина од 44.252 $m^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 21,5% на месечно ниво, а за 3,6% на годишно ниво.

**Графикон 1.7:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*



## Инфлација

Стапката на инфлација во јуни изнесува 9,3% на годишно ниво (11,3% во мај 2023 година) што преставува забавување на годишниот раст и првпат од април 2022 година инфлацијата е едноцифрена.

Инфлацијата главно се должи на нивото на цените на храната, енергентите, но и на растот на базичната инфлација, која сѐ уште е на високо ниво. Цената на струјата во 2022 година се зголеми како резултат на одлуката на РКЕ за зголемување во два наврата, односно зголемување на цената на струјата за домаќинствата за 9,48% и укинување на дневната евтина тарифа во јануари, како и воведувањето на новиот блок тарифен модел на цената на електричната енергија за домаќинствата кој важи од 1.7.2022 година.



Графикон 1.8: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)

Кумулативно, во првата половина од 2023 година стапката на инфлација изнесува 13,6%.

Базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во јуни изнесува 8,7% на годишна основа (9,0% претходниот месец) и таа постепено забавува. Најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категориите Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата и Ресторани и хотели.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци се зголемија за 12,1% на годишно ниво (намалување за 2,5 п.п. од 14,6% во мај). Придонесот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци во вкупната инфлација во јуни изнесува 4,9 п.п..



Графикон 1.9: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)

Растот на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: месо (годишен раст од 17,6%, придонес 1,6 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 14,8%, придонес 1,2 п.п.), леб и житни производи (годишен раст од 12,0%, придонес 1,0 п.п.) и зеленчук (годишен раст од 18,7%, придонес 0,9п.п.) Цената на маслото во јуни се намали за 28,6%.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во јуни 2023 година е забележан во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

за 15,6%. Инаку, раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Ресторани и хотели за 15,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 13,0%, Разновидни стоки и услуги за 12,1%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 8,6%, Рекреација и култура за 6,3%, Облека и обувки за 5,2%, Здравствена заштита за 4,3%, Образование за 3,6% и Комуникации за 0,8%.

Намалување за 8,9% се забалежува во категоријата Транспорт, како резултат на намалување на цените на горивата.

Потрошувачките цени во јуни се зголемија за 1,0% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,4%). Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци овој месец регистрираше раст од 1,4% (раст од 1,6% претходниот месец), при што најголем придонес во растот на месечно ниво имаше зголемувањето на цените на овошјето (0,2 п.п.) и зеленчукот (0,2 п.п.).

Во јуни раст на цените регистрираа следниве категории: Транспорт за 2,2%, Рекреација и култура за 1,6%, Разновидни стоки и услуги за 1,4%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата за 1,2%, Облека и обувки за 0,5%, Ресторани и хотели за 0,3% и Здравствена заштита, Образование и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за по 0,1%. Цените во категориите Комуникации и Домување, вода, електрична енергија, гас се намалија за по 0,2% и 0,1%, соодветно.

Во јуни 2023 година цените на мало се зголемија за 5,7% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 0,7%. Во првата половина од 2023 година цените на мало се зголемија за 9,9%.

Во еврозоната, стапката на инфлација во јуни 2023 година во споредба со претходниот месец регистрира намалување за 0,6 п.п. и изнесува 5,5% (6,1% во мај). Гледано по компоненти цените на храната, алкохолот и тутунот се зголемија за 11,7% (12,5% во мај), следени од порастот на цените на неенергетските индустриски добра за 5,5% (5,8% во мај) и на услугите за 5,4% (5,0% во мај), додека цените на енергијата се намалија за 5,6% (-1,8% во мај). ЕЦБ ја ревидираше проекцијата за стапката на инфлација во нагорна насока и тоа за 0,1 п.п. за секоја година, поради очекуваниот раст на другите компоненти и покрај намалувањето на енергетската компонента. Проекциите за цените на храната се ревидирани во нагорна насока поради посилниот раст на платите, а се очекува и побавно намалување базичната инфлација. Согласно проекциите од јуни, стапката на инфлација во 2023 година би достигнала 5,4% во 2023, 3,0% во 2024 и 2,2% во 2025 година.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јуни 2023 година регистрира пад од 1,1% на месечно ниво и изнесува 74,9 долари за барел (веќе неколку месеци по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 37,6%.

Графикон 1.10: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јуни 2023 година, цената на природниот гас регистрираше раст од 1,3% на месечно ниво. На годишно ниво, цената на природниот гас во јуни 2023 година се намали за 68,0%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Во првата половина од 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи, по значителниот раст во текот на 2021 и 2022 година, па така во јуни 2023 година цената на електричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 96,57 евра за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 9,5%. Цената на електричната енергија во јуни регистрира пад од 59,2% на годишно ниво.




Во јуни 2023 година, цените на повеќето основни метали се зголемија на месечно ниво, па така цената на калајот за зголеми за 6,6%, на бакарот за 2,2% и на оловото за 1,9%. Цените на алуминиумот и никелот за намалија за 3,7% и 3,4%, соодветно.




Цената на железната руда регистрира раст од 7,9% на месечна основа.

Во текот на првата половина од 2023 година цената на златото регистрираше наизменични движења на месечна основа и во последните два месеца регистрира намалување, па така во јуни се намали за 2,5%. Во јуни 2023 година и другите благородни метали го следеа трендот на намалување на месечно ниво, со што цените на платината и среброто се намалија за 8,7% и 3,5%, соодветно.

Цените на пченката и пченицата на светските берзи во јуни 2023 година се намалија за 0,5% и 1,3%, соодветно, на месечна основа. Цената на сончогледовото масло регистрира пад од 5,3% во споредба со претходниот месец.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првата половина од 2023 година изнесува 9.789,5 милиони евра и бележи пад од 2,8% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - јуни 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 2,3 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 62,0%. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија , како наш најзначаен трговски партнер, во првите шест месеци од 2023 година изнесува 25,2% и е зголемено за 2,4 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.



График он 2.1: Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*
Извор: ДЗС.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во првата половина од 2023 година изнесува 4.251,7 милиони евра и бележи раст од 3,8% (154,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 6,1%.

Вредноста на извезените стоки во јуни 2023 година изнесува 694,0 милиони евра и бележи пад од 6,4% (47,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 11,9% споредено со јуни 2022 година.



График он 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*
Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, извозот во јуни 2023 година бележи пад од 9,9% (75,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 10,0%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (0,1 п.п.) врз извозот овој месец.

[1]Започнувајќи од јуни 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јуни 2023 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, друмски возила, облека, мебел и негови делови и електрична енергија. Овие седум групи производи сочинуваат 70,7% од вкупниот извоз на државата.



Графикон 2.3: Структура на извозот по СМТК

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - јуни 2023 година споредено со истиот период од 2022 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, додека пад има во групациите: Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 5,5% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан раст од 3,9%, при што учеството на извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија изнесува 79,7% и 11,5%, соодветно.



Графикон 2.4: Структура на извозот по економска намена (учества во %)

---

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - јуни 2023 година изнесува 5.537,7 милиони евра и бележи пад од 7,4% (439,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на увозот пад од 8,6%.




Вредноста на увозот во јуни 2023 година изнесува 935,8 милиони евра, што претставува пад од 6,5% (65,1 милион евра) во однос на истиот месец претходната година, а увезените количини стоки се намалени за 10,1% споредено со јуни 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2023 година увозот бележи пад од 5,0% (49,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 4,1%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (0,9 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2022 | I-VI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 78,6 | 63,6 | -14,9 | -19,0 |
| Мил.ЕУР | 77,8 | 49,5 | -28,4 | -36,4 |
| Мил $ | 84,5 | 53,4 | -31,1 | -36,8 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2022 | I-VI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 601,0 | 576,3 | -24,7 | -4,1 |
| Мил.ЕУР | 532,0 | 417,5 | -114,5 | -21,5 |
| Мил $ | 579,0 | 450,9 | -128,1 | -22,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2022 | I-VI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 35,6 | 39,1 | 3,4 | 9,6 |
| Мил.ЕУР | 1.192,1 | 1.256,0 | 64,0 | 5,4 |
| Мил $ | 1.303,2 | 1.357,8 | 54,6 | 4,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2022 | I-VI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 15,6 | 13,4 | -2,2 | -14,3 |
| Мил.ЕУР | 94,8 | 91,7 | -3,1 | -3,3 |
| Мил $ | 103,7 | 99,1 | -4,6 | -4,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2022 | I-VI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 387,7 | 346,8 | -40,9 | -10,6 |
| Мил.ЕУР | 507,5 | 305,3 | -202,2 | -39,8 |
| Мил $ | 555,1 | 329,9 | -225,2 | -40,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2022 | I-VI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 431,7 | 328,2 | -103,5 | -24,0 |
| Мил.ЕУР | 385,2 | 251,5 | -133,8 | -34,7 |
| Мил $ | 421,6 | 271,9 | -149,8 | -35,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - јуни 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 31,6% односно 593,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во јуни 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 6,9% односно 17,8 милиони евра споредено со јуни 2022 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и на зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - јуни 2023 година 88,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Србија, Италија, Русија, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Унгарија, Шпанија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,3% од трговската размена во периодот јануари - јуни 2023 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2022 година претставува зголемување за 2,5 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 95,1% и 90,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 3,5 п.п., а кај увозот за 1,7 п.п. во однос на периодот јануари – јуни 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-VI-2022 | | | | | I-VI-2023 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 2.767,9 | 5.287.708.113 | 61,6787 | 326.138.962.373 | 88,5 | 3.091,0 | 4.990.550.335 | 61,6122 | 307.478.785.328 | 90,1 | -297.157.778 | -5,6 |
| УСД | 1.041,7 | 707.564.088 | 56,3978 | 39.905.057.913 | 10,8 | 389,3 | 544.685.882 | 57,0341 | 31.065.669.087 | 9,1 | -162.878.205 | -23,0 |
| ГБП | 0,7 | 9.177.531 | 73,2769 | 672.501.015 | 0,2 | 1,0 | 10.884.316 | 70,3050 | 765.221.810 | 0,2 | 1.706.785 | 18,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.810,4 | | | 366.716.521.300 | 99,3 | 3.481,3 | | | 339.309.676.226 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 3.817,7 | | | 368.677.824.156 | 100,0 | 3.489,7 | | | 341.219.187.596 | 100,0 | | -7,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2023 година изнесуваа 131.251 милион денари, односно 14,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 12,8% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со со јуни претходната година буџетските приходи бележат зголемување од 5,2%, во мај 2023 година беше забележан годишен раст на приходите од 32,3%, а во април 2023 година пад од 2,5%.

Даночните приходи се реализирани во износ од 72.662 милиона денари и се повисоки за 5,5% во однос на периодот јануари – јуни 2022 година, како резултат на растот на приходите од персоналниот данок на доход, данокот на добивка, акцизите и увозните давачки.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 43,8% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 31.844 милиони денари и бележат намалување од 0,1% во однос на перидот јануари – јуни претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 52.388 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 20.543 милиони денари (бруто наплатата е пониска за 0,4%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 0,7% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 8,2%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 22,0%.

Акцизите се остварени во износ од 12.958 милиони денари (учество од 17,8% во даночните приходи), што претставува зголемување од 8,4% во споредба со периодот јануари – јуни 2022 година. Така, само од овие два индиректни данока остварени се вкупно 44.802 милиона денари, што претставува 61,7% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – јуни 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 12.504 милиони денари и бележат раст од 15,2% на годишна основа, а притоа 65,3% од приходите се од плата и други лични примања, 8,6% од приходи од капитал, 8,6% од приходи по основ на договор на дело, 6,7% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,8% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – јуни 2023 година изнесуваа 9.712 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 7,5% во однос на истиот период претходната година, како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 24,3%, а даночните биланси намалени за 10,3%.

Приходите од царина се остварени во износ од 5.304 милиони денари и забележаа зголемување од 10,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 340 милиони денари забележаа зголемено остварување за 9,0% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 43.887 милиони денари, што претставува зголемување за 20,7% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 20,6%, кај придонесите за вработување за 21,1% и кај придонесите за здравствено осигурување за 20,7%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 7.783 милиони денари и во однос на перидот јануари – јуни 2022 година забележаа зголемување од 0,5% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се оствариja во износ од 383 милиони денари, што претставува намалување од 51,4% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 5.950 милиони денари и се повисоки за 3,6 пати во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2023 година изнесуваа 154.846 милиони денари, односно 17,5% од БДП, што е за 22,3% повеќе во однос на истиот период претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 132.928 милиони денари учествуваа со 85,8% и се зголемени за 12,5% во однос на периодот јануари – јуни 2022 година.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 17.164 милиони денари, што претставува зголемување за 9,0% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 11,1%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 9.569 милиони денари и споредено со периодот јануари – јуни 2022 година забележаа зголемување од 9,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 99.508 милиони денари. Средствата за трансфери бележат раст од 12,4% во однос на периодот јануари – јуни 2022 година, а учествуваа со 64,3% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 12,4% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 71.293 милиони денари со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 46,1%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 44.079 милиони денари, што претставува зголемување за 14,1% споредено со периодот јануари – јуни 2022 година и учествуваат со 28,5% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери се забележува зголемување од 12,4%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 13.937 милиони денари и се зголемени за 5,9%. Блок-

дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 11.397 милиони денари бележат зголемување од 16,8% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 21.918 милиони денари со структурно учество од 14,2% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација од 156,9% (за 2,6 пати) во споредба со периодот јануари – јуни 2022 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува околу 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во перидот јануари – јуни 2023 година реализира 29.502 милиона денари или 55,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 19.931 милион денари или 57,1% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,5% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 54,7% (6.941 милион денари) од планираните за 2023 година.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јуни 2023 година)*




Извор: МФ.

Во јануари – јуни 2023 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 17.294 милиони денари, што претставува 23,3% од предвидените за 2023 година. Отплата на главнина (7.675 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 44,4%, а притоа се реализирани 14,8% од планираните. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 29,0% од вкупните расходи, за што се реализирани 5.012 милиони денари или 38,8% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи се издвоени 1.813 милиони денари (53,2% од планираното), односно 10,5% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 16.136 милиони денари, што е 50,5% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (59,6%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 9.617 милиони денари или 49,8% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,2%, за што се потрошени 2.612 милиони денари, односно 49,8% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јуни 2023 година Министерството за внатрешни работи реализира 6.123 милиони денари, што претставува 48,1% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 67,1%, за што

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

се потрошени 4.107 милиони денари или 47,9% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 22,8% и за неа се реализирани 1.395 милиони денари или 57,8% од годишниот план.

Во овој период Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 5.996 милиони денари што претставува 68,1% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 95,0% во вкупните расходи, реализирани се 77,6% од планираните средства за цела година, односно 5.694 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари – јуни 2023 година реализира 6.403 милиони денари, што е 37,6% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 40,6%, за што во овој период се реализирани 2.597 милиони денари (51,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествуваат со 22,6% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 1.446 милиони денари, односно 39,6% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – јуни 2023 година реализира вкупно 5.106 милиони денари, односно 28,4% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со високи 78,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се 4.018 милиони денари (77,8% од предвидените средства).

Министерството за здравство во периодот јануари – јуни 2023 година изврши буџетски средства во износ од 2.452 милиона денари или 35,3% од вкупниот буџет за 2023 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 52,2%, за што се потрошени 1.279 милиони денари или 42,6% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 938 милиони денари (29,5% од планираното за годината) и учество од 38,2% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализира средства во износ од 12.071 милион денари или 60,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 95,6% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (11.537 милиони денари или 61,3% од вкупно планираните средства).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јуни 2023 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 23.595 милиони денари, што претставува 2,7% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 25.164 милиони денари и претставува 2,8% од БДП. Буџетскиот дефицит во 2023 година изнесува 55,2% од вкупно планираниот буџетски дефицит.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првата половина од 2023 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 98.245 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 0,9%, со што прекина трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи, кој започна во април 2021 година и трае последните две години, односно до април 2023 година, со исклучок на август 2022 година и февруари 2023 година. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување забави поради негативните ефекти од пандемијата.



Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*
Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 41,4% се вработени на неопределено време, а останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јуни 2023 година, 12,8% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во јуни 2023 година изнесува 152.236, од кои 107.049 се активни баратели на работа, а 45.187 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 8,0%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 921, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица кој беше прекинат во октомври 2022 година. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.



Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*
Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,7%) е градско население, а според половата структура 49,0% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,9%, е со непотполно средно образование или помалку, 24,4% со завршено средно образование, додека 7,7% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 60,0%

од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 12,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во мај 2023 година оствари годишен раст од 16,1%, а во однос на април 2023 година таа е повисока за 0,9%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на мај 2022 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (25,5%), Стручни, научни и технички дејности (21,4%) и Финансиски дејности и дејности на осигурување (18,8%). Реалните плати во мај 2023 година забележаа годишен раст од 4,3%.




Просечната номинална бруто-плата во мај 2023 година споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 16,4%, а на месечна основа таа е повисока за 0,9%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во мај 2023 година во однос на мај 2022 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (24,3%), Стручни, научни и технички дејности (21,6%) и Финансиски дејности и дејности на осигурување (18,9%). Во мај, реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,6%.





Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Пензии

Во јуни 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 336,167 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 69,5% се корисници на старосна пензија, 22,3% на семејна пензија и 8,2% на инвалидска пензија.




Просечната пензија во јуни 2023 година изнесува 19.087 денари што значи дека е повисока за 17,0% во однос на истиот месец од 2022 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Согласно оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,2%.

Просечната старосна пензија во јуни 2023 година изнесува 20.614 денари, просечната инвалидска пензија 17,003 денари, а просечната семејна пензија 15.097 денари. За исплата на пензиите во јуни 2023 година се потрошени 6.311 милиони денари, што претставува 50,1% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јуни 2023 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка за 0,25 п.п. односно од 5,75% на 6,0%. Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.




Во јуни, расположливите депозити преку ноќ и на седум

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

дена се зголемија за 0,25 п.п. и изнесуваат 3,90% и 3,95%, соодветно.

## Примарни пари

Во јуни 2023 година, примарните пари[6] се намалија за 4,1% на годишно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства за 16,4%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 9,0%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 10,8%, што е резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 22,2%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 1,2%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во јуни 2023 година се зголемија за 1,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата се зголемија за 1,3%, а депозитите на домаќинствата за 1,2%.

Од аспект на валутата, во јуни 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа зголемување за 1,8% и 0,5%, соодветно.

Во анализираниот период, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 11,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 14,7% и 7,8% на годишно ниво.

Депозитите на претпријатијата бележат раст од 19,7%, а депозитите на домаќинствата од 8,8% на годишно ниво.

Според рочноста, краткорочните депозити се зголемија за 4,8%, а долгорочните депозити за 19,5% на годишно ниво.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јуни 2023 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***507.903*** | ***1,2%*** | ***11,5%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *284.046* | *1,8%* | *14,7%* |

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Странска валута* | *223.857* | *0,5%* | *7,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *215.218* | *0,6%* | *4,8%* |
| *Долгорочни* | *108.129* | *2,8%* | *19,5%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***434.446*** | ***1,1%*** | ***6,5%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *247.293* | *0,9%* | *3,4%* |
| *Странска валута* | *187.153* | *1,4%* | *11,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *68.468* | *0,3%* | *-0,5%* |
| *Долгорочни* | *350.914* | *1,3%* | *8,8%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во јуни 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,1% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон претпријатијата и кредитите кон домаќинствата се зголемија за 1,2% и 0,9%, соодветно.




Од аспект на валутата, во јуни 2023 година денарските и девизните кредити се зголемија за 0,9% и 1,4% на месечно ниво.

На годишна основа, во јуни 2023 година вкупните кредити се зголемија за 6,5%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата од 6,5% и 6,4%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 3,4%, а кредитите во странска валута за 11,1%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,8%, додека краткорочните кредити се намалија за 0,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,12%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,04 п.п. на месечно ниво и изнесува 5,28%, а каматната стапка на девизните кредити се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 4,93%.




Вкупната каматна стапка на депозитите во јуни 2023 година се зголеми за 0,18 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,40%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,21 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,83%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,14 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 1,05%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јуни 2023 година вкупниот промет на берзата регистрира раст од 1,5% на месечно ниво, како резултат на растот на прометот од класичното тргување за 19,1%, додека прометот од блок трансакциите се намали за 38,6%.




Вкупниот промет на берзата во јуни 2023 година изнесува 384,1 милион денари што значи дека е намален за 9,9% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јуни 2023 година изнесува 5.713,34 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 2,2%, а во однос на истиот месец претходната година регистрира пад од 1,3%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јуни 2023 година изнесуваа 4.189,73 милиони евра и во однос на претходниот месец регистрираа зголемување од 0,4%, а во однос на јуни 2022 година се зголемија за 34,5%.

Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0